СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**21.03.2007**<br>**БРОЈ 3 ГОДИНА 42** | |


# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година | 2 |
| 2. | Годишен извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година | 3 |
| 3. | Одлука за усвојување на завршната сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2006 година | 8 |
| 4. | Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2006 година | 9 |
| 5. | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на МЈП „Проаква“ Струга по годишната сметка за 2006 година | 10 |
| 6. | Одлука за усвојување на Програмата за работа за 2007 година на МЈП „Проаква“ Струга | 11 |
| 7. | Одлука за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2007 година | 12 |
| 8. | Програма за одбележување на празници и манифестации за 2007 година | 13 |
| 9. | Одлука за престанок на важноста на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-1258/2 од 12.06.2006 год. и Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-2532/6 од 30.11.2006 година | 14 |
| 10. | Одлука за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на општина Охрид | 15 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/3**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-513/3**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Годишниот извештај за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/3-1**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 34 точка 2 став 3 од Законот за финансирање на Единици на локална самоуправа, Советот на општина Охрид на ден 20.03.2007 година го донесе следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

### I РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ

Буџетот на општината Охрид за 2006 година е донесен на седницата на Советот на општината Охрид на 27.12.2005 год. објавен во „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.11 од 29.12.2005 год. согласно член 39 од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01, 46/02, 24/03, 85/03 и 96/04).

Првично донесениот буџет за 2006 година, со соодветните измени и дополнувања донесени од страна на Советот на општина Охрид, беше утврден на износ од 419.500.000,00 денари.

Според книговодствената класификација, од вкупно утврдените средства во Буџет за 2006 година за капитални расходи предвидени се 262.601.478,00 денари. Од вкупно предвидените средства за капитални расходи, во тековната 2006 година, 258.561.478,00 денари се буџетски средства, а додека останатите 800.000,00 денари се расходи предвидени за капитални трошоци од наменските дотации.

Тековно оперативните расходи во Буџетот се предвидени на износ 156.898.522,00 денари, од кои 108.369.622,00 денари се однесуваат на средства од Буџетот, а остатокот 29.784.180,00 денари се средства предвидени за тековно оперативни трошоци по основ наменски дотации.

Од така утврдените износи, во тековната 2006 година, согласно книговодствената евиденција на општината за капитални расходи, реализирани се вкупно 251.203.822,50 денари. Наведениот износ се однесува за средства од буџетските приходи. Додека предвидените средства во висина од 800.000,00 денари од наменски дотации за капитални расходи, не се реализирани и како пренесен вишок на средства пренесени се во 2007 година.

Од утврдените средства во Буџетот за 2006 година, за тековно оперативни расходи во вкупна висина од 108.369.622,00 денари (буџетски средства) реализирани се 97.886.659,50 денари, додека од наменските средства кои се однесуваат на тековно оперативни расходи од предвидените 29.784.180,00 денари, реаилизирани се 28.661.217,00 денари, а остатокот од 1.122.963,00 денари, пренесени се како нереализирани средства во Буџетот од 2007 година.

Гореизнесеното попрегледно е изнесено во табела бр.1

| **Р.бр** | **Опис** | **Вкупно** | | **Вкупно буџет** | | **Вкупно наменски** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | планирани | остварени | планирани | остварени | планирани | остварени |
| 1. | капитални расходи | 262.601.478 | 252.985.969 | 258.561.478 | 251.203.822,5 | 800.000 | 0 |
| 2. | тековно опер.расходи | 156.898.522 | 141.960.294 | 108.369.622 | 97.886.659,5 | 29.784.180 | 28.661.217 |
| | **Вкупно** | **419.500.000** | **394.946.263** | **366.931.100** | **349.090.482** | **30.584.180** | **28.661.217** |

Разликата од 17.194.564,00 денари помеѓу вкупно прикажаните (реализирани) расходи во завршната сметка 394.946.263,00 денари и остварувања во износ од 377.751.699,00 денари се однесува на реализираните трошоци од самофинансирачки активности, а пренесениот вишок на средства е во износ од 4.837.889,50 денари.

Расходите од самофинансирачките активности на училиштата и детската градинка утврдени како оперативни расходи се дадени во поединечните извештаи дадени од наведените субјекти.

Од вкупно потрошени средства по основ на капитални расходи во вкупна висина од 251.203.822,50 денари, реализирани се следните активности:

**Ј6 Одржување и заштита на локални патишта и улици:**

- замена на бехатонски плочки на тротоар на ул.„7/ми Ноември" од 598м2;
- извршено е крпење на ударни дупки на подрачјето на градот и санација на прекопи во количина од 1222т.

**JD Изградба и реконструкција на локални патишта со асфалтен слој**

- реконструкција на ул.„Даме Груев", П=2160м2; реконструкција со надградба со слој од асфалт на ул.„Гоце Делчев", П=3000м2; реконструкција на краци на ул.„Охридска бригада", П=1869м2; реконструкција на краци на ул.„7/ми Ноември", П=650м2; дел од улица „Абас Емин", П=800м2; дел од улица „Славеј Планина", П=393м2; реконструкција на улица „Пирин Планина", П=1680м2; крак на ул.„Ристо Чадо", П=675м2; ул.„Бистрица", комплет, П=1909м2; Коњско (пат) - населба Исток, П=1118м2; Туристичка населба Синдикални, П=3000м2; Велгошти, П=1100м2; ул.„Дебрца", П=1115м2; ул.„Кленоец" - комплет, П=8000м2; реконструкција и изградба на кружна раскрсница кај болница, П=1000м2; Автобуска станица, П=7200м2; крак на ул.„Јане Сандански", П=146м2; ул.„Славеј Планина", П=393м2; ул.„Мирка Гинова", П=1800м2; Паркинг простор нас.Охридати, П=516м2; Спортска сала „Билјанини извори", П=830м2; ул.„Ванчо Питошески" (4 краци), П=2250м2; краци на ул.„Прилепска", П=2232м2; крпење ударни дупки с.Вапила, с.Косел, с.Завој, П=410м2; ул.„Крали Марко" со краци од истата, П=1300м2; ул.„Сирма Војвода" со краци на истата, П=2760м2; с.Орман, П=1600м2; ул.„Крум Точко" - Дрвара, П=2000м2; краци на ул.„15/ти Корпус", П=810м2; ул.„Александар Турунџев", П=900м2; ул.„Српница", П=1300м2; ул.„Кирил и Методиј", П=650м2; крак на ул.„Крум Точков" покрај дрвара канал, П=100м2; ул.„Крсте Мисирков", Р=1710м2; ул.„Кузман Шапкарев" (во склоп со ул.„Крсте Мисирков"), П=1840м2; крак на ул.„7/ми Ноември", П=650м2; крпење на прекопи во с.Ливоишта; крак на ул.„Стив Наумов", П=620м2; крак на ул.„8/ми Март", П=475м2; крак на ул.„Дејан Војвода", П=514м2; краци на улица „Пере Тошев", П=678м2; асфалтирање на паркинг кај нови гробишта, П=1800м2.

**Вкупно асфалтирани патишта од 65.538м2**

**JD Изградба и реконструкција на тротоари на локални патишта:**

- поплочување на ул.„Даме Груев", П=1480м2; ул.„Гоце Делчев" (јужна страна), П=2200м2; ул.„Македонски Просветители" (западна страна), П=1440м2; ул.„Вангел Николоски", П=902м2; ул.„Трајче Дојчиноски", П=611м2; дел од ул.„1/ви Мај", П=320м2; дел од ул.„Живко Чинго", П=760м2; дел од улица „Цар Самоил" со камени плочи и санација на останатите оштетени делови од истата, П=650м2; санација на потпирни зидови и скали во Стариот дел од градот; поставени се бехатон плочи на просторот кај ул.„Македонски Просветители", П=319м2; кај кружна раскрсница ул.„Даме Груев" со ул.„Јане Сандански", П=221м2; паркинг кај црквата „Св.Богородица" - Каменско, П=234м2; училиште Ванчо Питошески, П=409м2; крак од ул.„Даме Груев", П=272м2; тротоари на ул.„Крсте Мисирков" и ул.„Кузман Шапкарев", П=910м2; ул.„Славеј Планина", П=230м2; ул.„Партизанска" од лева страна, П=1300м2; ул.„7/ми Ноември", П=615м2; крак од ул.„Абас Емин", П=167м2; дел од ул.„Климентов Универзитет" со камена калдрма, П=161м2; пешачка патека на ул.„Охридска Бригада"; паркинг пред згради на кружен ток; бехатон плочки на дел од ул„Кленоец" со нова автобуска станица, П=2238м2; крак од ул.„1/ва МУБ", П=388м2.

**Вкупно поплочени површини од 17.189м2.**

**ЛО Игралишта**

- асфалтирано игралиште за кошарка во с.Велгошти; асфалтиран спортски терен кај економско училиште; училишен двор ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец; проширено кошаркарско игралиште во нас.Влашка маала, П=70м2; асфалтирање на детско игралиште позади отпад во с.Велгошти; тампонирање на две спортски игралишта и трим стаза кај училиштето „Григор Прличев“, П=1700м2.

**ЈД Проширување на патишта:**

- извршено е проширување на улицата „7/ми Ноември“ кај фабриката Братство, на улицата „Булевар Македонски Просветители“ кај раскрсницата Охридска Банка и на истата улица изградени се со помош на проширување две нови автобуски постојки и една Такси станица;
- извршување е проширување на ул.„Прилепска“.

**ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација**

- вертикална сигнализација (замена и континуирано поставување на сообраќајни знаци на подрачјето на општина Охрид со монтажа); уредување на сообраќајни површини (автобуски станици на ул.„Туристичка“, такси станици); поставени се заштитни огради покрај две училишта „Христо Узунов“ и „Братство и Единство“ во Охрид, а во тек е поставување на такви огради покрај останатите училишта; поставени се заштитни еластични огради на мостовите во село Велгошти; поставување на забавувачи за сообраќај со кмплет сообраќајна сигнализација во должина од 280м; извршено е подигнување на шахти низ градот Охрид; изработка и поставување на заштитни огради кај нова автобуска станица во должина од 186м; изработка на заштитна ограда кај училиштето „Св.Наум Охридски“ во должина од 230м.

**ЈА Изградба на јавно осветлување**

**ЕЕ мрежи за јавно осветлување - инвестирање**

- осветлување на ул.„Даме Груев“, ул.„Партизанска“, ул.„Александар Турунџе“, ул.„Абас Емин“, ул.„Питу Гули“, ул.„Дејан Војвода“, ул.„Српница“, ул.„Стив Наумов“, с.Орман, с.Љубаништа, с.Лескоец, ул.„Богомилска“, нас.Чекоштина, ул.„Кирил и Методиј“, ул.„Коста Абраш“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Андон Дуков“, Детска градинка, ул.„Кузман Шапкарев“, ул.„Вангел Николоски“, надвозник Охрид, на ул.„Железничка“, Источно транзитна, ул.„Распаќе“, ул.„Кленоец“, ул.„Бистрица“, ул.„Дебрца“, нас.Лагадин, ул.„Крали Марко“, раскрсница со кружен тек, нова автобуска, спортски терен Лескоец, ул.„Самоилова“, ил.на споменик „Св.Климент Охридски“, ул.„Туристичка“ (згради), ил. на Гимназија Св.Климент Охридски

**ЕЕ мрежи за јавно осветлување - проширување**

- осветлување на ул.„Сирма Војвода“, во нас.Рача - Велестово, ул.„Момчило Јорданоски“, ул.„Туристичка“, ул.„Стив Наумов“ - училиште

**ЕЕ мрежи и водови - дислоцирање**

- дислоцирање столб на ул„Гоце Делчев“, столб на ул„Абас Емин“, мрежа на „Христо Узунов“, столб на ул„Анастасија Узунова“, мрежа на ул„Туристичка“, мрежа на ул„Први Мај“, мрежа на ул„Абас Емин“, мрежа на ул„Александар Гушо“, столб на ул„Марко Цепенков“, ормар на ул„Климент Охридски“, мрежа на ул„Боро Шаин“, мрежа на ул„Кеј М.Тито“, мрежа на ул„Васил Стефоски“, ВН мрежа на ул„Партизанска“, мрежа во с.Пештани.

**ЈИ и ЈГ Изградба на фекална, атмосферска канализација и водовод**

- изведба на фекална канализација на ул.„Живко Чинго“ (поставување на Ф200 беше во 2005 година и со поставување на цевки Ф300 се продолжи во 2006)-253м; ул.„Охридска Бригада“-66м; ул.„Радојца Новичиќ“-162м; с.Пештани (поставени цевки Ф200, работата е прекината поради туристичката сезона, треба да се постави и секундарна канализација)-812м+530м; ул.„Момчило Јорданоски“ од пекара „Габреш“ спрема вкрстување на водоводна мрежа и се чека изнаоѓање решение од страна на МЈП „Проаква“-240м; с.Подмоље (работата е

во тек), Ф200, Ф110, Ф160, 948м+6м+42м, 2585+80шахти; нас.„Гоце Делчев“ (Болнички простор) ПВЦ Ф300-282.0м1, Ф600 бетон-122.5м1, Ф400 бетон-159.5м1, Ф300 бетон-83.0м1, ПВЦ Ф200-94.0м1, 22 шахти, 2 сливници, 3 големи приклучоци, 6 мали приклучоци; крак Лагадин Ф200-100м1; ул.„Туристичка“ - фекална и атмосферска канализација и вода бензиска пумпа Којчиноски (договор); ул.„Даме Груев“ - кружен тек канал; с.Коњско - вода и канал; ул.„Даме Груев“ кружен тек водовод; ул.„Аџи Мустафа“ вода; општинска зграда; нова автобуска; ул.„Кеј М.Тито“ - дислокација вода и канализација; ул.„Самоилова“ - фекална канализација приклучок; девијација хотел „Магнус“; ул.„7/ми Ноември“ - вода и канализација; ул.„Пере Тошев“ - вода; ул.„Андреа Јованоски“ вода; ул.„Прилепска“ - вода и канализација; ул.„Туристичка“ - сливници; ул.„Радојца Новичиќ“; ул.„Момчило Јорданоски“; ул.„Винковачка“ - крак; ул.„28/ми Април“ - канализација; ул.„Карпош Војвода“ - канализација; с.Пештани.

Во вкупниот износ од 251.203.822,50 денари опфатени се и следните исплати:

- исплата за надомест за одземено земјиште........................................5.510.229,00 денари
- исплата по судски решенија................................................................8.964.365,00 денари
- исплата кон АД Гранит (обврски од претходни години).................54.151.601,50 денари
- исплата кон АД Охрид (обврски од претходни години)....................7.150.000,00 денари

**II ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ**

Согласно книговодствената евиденција заклучно со 31.12.2006 година вкупните обврски на општината по основ на неисплатени фактури и ситуации изнесува 284.003.601,00 денари. Во наведениот износ не се влезени одредени каматни побарувања од страна на добавувачите по основ на ненавремено плаќање.

Според изготвениот извештај за обврски на општината по основ експропријација на имот долгот изнесува 47.956.386,00 денари. Овој износ не е книговодствено евидентиран во вкупниот долг од 284.003.601,00 денари, бидејќи за голем број предмети судската постапка не е конечна. Износот од 47.956.386,00 денари е без камата за задоцнето плаќање.

**III ПОБАРУВАЊА**

Вкупните побарувања на општината заклучно со 31.12.2006 година изнесуваат 64.968.344,50 денари. Побарувањето се однесува за неплатени обврски од претходни години во износ од 17.912.535,00 денари, за кој износ кон обврзниците е покрената судска постапка, а останатиот износ е по основ на трошоци за комунално уредување со кои со обврзниците се склучени договори за плаќање на рати.

Од побарувањата по основ на трошоци за уредување на градежно земјиште (побарувања по рати) во 2007 година се регулирани 24.000.000,00 денари.

**IV ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ СПОРЕД ИЗВОРИ**

## А Сопствени приходи

1. Локални даноци утврдени со Закон
   - Данок на имот....................................................................13.943.523,50 ден.
   - Данок на наследство и подарок...................................................3.396.653,00 ден.
   - Данок на промет на недвижности и права................................55.848.837,50 ден.
   - Персонален данок..........................................................................5.800.480,00 ден.

2. Локални такси и надоместоци утврдени со Закон
   - Комунални такси.........................................................................220.107.957,50 ден.
   - Дозволи за вршење на дејност........................................................489.313,50 ден.

3. Такси и надоместоци
   - Административни такси.........................................................6.586.675,00 ден.
   - Наплатени премии.....................................................................1.051.232,50 ден.

4. Приходи од сопственост
   - Продажба на капитални средства....................................................191.800,00 ден.

5. Трансфери и донации
   - Дотации од приходи од ДДВ......................................................20.507.792,00 ден.
   - Трансфери од фонд за рег.и магистрални патишта...................22.152.033,00 ден.
   - Наменски дотации.........................................................................30.174.789,00 ден.

6. Пренесени вишоци од претходни години
   - Пренесен вишок од претходна година..........................................3.852.074,00 ден.

**Б Самофинансирачки приходи**

1. Приходи од самофинансирачки активности.......................................20.374.500,00 ден.

**Вкупно:..................404.477.660,50 ден.**

**V ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ПО КОРИСНИЦИ**

Приходите по основ самофинансирачки активности по училишта и градинки се следните:

**СРЕДНИ УЧИЛИШТА**

1. „Св.Наум Охридски“.........................................................1.593.801,00 ден.
2. „Ванчо Питошески“...........................................................6.476.103,00 ден.
3. „Св.Климент Охридски“....................................................3.167.177,00 ден.

**ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**

1. „Кочо Рацин“.......................................................................121.595,00 ден.
2. „Методи Патчев“................................................................706.668,00 ден.
3. „Братство“............................................................................315.089,00 ден.
4. „Живко Чингоски“ с.Велгошти.............................................69.623,00 ден.
5. „Ванчо Николески“ с.Лескоец............................................183.398,00 ден.
6. „Св.Наум“ с.Пештани.........................................................353.177,00 ден.
7. „Св.Климент Охридски“.......................................................75.690,00 ден.
8. „Христо Узунов“.................................................................918.987,00 ден.
9. „Григор Прличев“...............................................................522.630,00 ден.

**ГРАДИНКИ**

1. „Јасна Ристеска“...............................................................5.870.562,00 ден.

**VI НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

Трансферираните средства по основ на дотации за 2006 година распределени се по корисници на следниов начин:

**СРЕДНИ УЧИЛИШТА**

1. „Св.Наум Охридски“.......................................................1.593.519,00 ден.
2. „Ванчо Питошески“.........................................................1.210.591,00 ден.
3. „Св.Климент Охридски“..................................................1.793.999,00 ден.

**ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**

1. „Кочо Рацин“....................................................................1.440.615,00 ден.
2. „Методи Патчев“................................................................436.624,00 ден.
3. „Братство“.........................................................................2.985.026,00 ден.
4. „Живко Чингоски“ с.Велгошти..........................................908.117,00 ден.

5. „Ванчо Николески“ с.Лескоец..........................................925.400,00 ден.
6. „Св.Наум“ с.Пештани.....................................................1.634.276,00 ден.
7. „Св.Климент Охридски“.................................................2.022.549,00 ден.
8. „Христо Узунов“.............................................................1.615.148,00 ден.
9. „Григор Прличев“...........................................................1.913.996,00 ден.

**ГРАДИНКИ**

1. „Јасна Ристеска“.............................................................3.071.749,00 ден.

**Број 07-513/3-1**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на завршната сметка на Буџетот на Единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/4**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**Член 1**

Се усвојува Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 07-513/4**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/4-1**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 2 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.3/96), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, ја донесе следната

**ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 год.**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2006 година се состои од:

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **- Вкупно приходи** | **419.500.000,00 денари** | **404.477.660,50 денари** |
| Даночни приходи | 312.285.026,00 денари | 299.586.765,00 денари |
| Неданочни приходи | 7.620.000,00 денари | 7.637.907,50 денари |
| Капитални приходи | 227.000,00 денари | 191.800,00 денари |
| Трансфери | 46.799.074,00 денари | 46.511.899,00 денари |
| Наменски дотации | 30.584.180,00 денари | 30.174.789,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 21.984.720,00 денари | 20.374.500,00 денари |
| Донации | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| **- Вкупно расходи** | **419.500.000,00 денари** | **394.946.236,00 денари** |
| Утврдени намени | 419.150.000,00 денари | 394.941.063,00 денари |
| Резерви | 350.000,00 денари | 5.200,00 денари |
| Салдо на буџет | 31.12.2005 | 3.852.074,00 денари |
| Салдо на буџет | 31.12.2006 | 4.837.889,50 денари |
| Салдо на наменски | 31.12.2006 | 1.513.572,00 денари |
| Салдо на самофинан. | 31.12.2006 | 3.179.936,00 денари |

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот Буџет во износ од 4.837.889,50 денари се пренесува како приход на основниот Буџет на ЕЛС општина Охрид за 2007 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на наменски дотации во износ од 1.513.572,00 денари се пренесува како приход на Буџетот на наменски дотации на ЕЛС општина Охрид за 2007 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на самофинансирачки активности во износ од 3.179.936,00 денари се пренесува како приход на Буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС општина Охрид.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2006 година.

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2006 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2006 година се објавува во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-513/4-1**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на МЈП „Проаква“ Струга**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/5**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА, ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за работа на МЈП „Проаква“ Струга, по Годишната сметка за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на МЈП „Проаква“ Струга со Годишната сметка бр.02-320/2 од 27.02.2007 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 07-513/5**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2007 год. НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа за 2007 година на МЈП „Проаква“ Струга**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/6**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2007 год. НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа за 2007 година на МЈП „Проаква“ Струга.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на МЈП „Проаква“ Струга бр.03-434 од 13.03.2007 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 07-513/6**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2007 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**20.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2007 год.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 07-513/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**20.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2007 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/7-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**20.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2007 год.**

## Празници на централно и локално ниво

| Р.бр | Активност | Време | Место |
|---|---|---|---|
| 1. | Прличеви Беседи | 06.02. | Дом на култура и ОУ Григор Прличев |
| 2. | 1/ви Мај - празник на трудот | 01.05. | |
| 3. | 9/ти Мај - победа над фашизмот | 09.05. | Спомен обележје |
| 4. | Ден на Македонските просветители | 24.05. | Спомен обележја |
| 5. | Ден на екологијата | 05.06. | |
| 6. | Ден на Охридското езеро | 21.06. | |
| 7. | Илинден | 02.08. | Спомен обележја |
| 8. | Ден на независноста | 08.09. | Спомен обележја |
| 9. | Ден на востанието | 11.10. | Спомен обележја |
| 10. | Ден на ослободување на градот | 07.11. | Спомен обележја |
| 11. | Патрон на градот - Св.Климент | 08.12. | Спомен обележја и Дом на култура |
| 12. | Дочек на Нова Година | 31.12. | Градски плоштад |

## Манифестации

| Р.бр | Активност | Време и Место | Организатор |
|---|---|---|---|
| 1. | Прослава на Стара Нова Година | 13.01. -М.Заедници | Месни заедници |
| 2. | Богојавлјение - Водици | 19.01.-Градско пристаниште | МПЦ орг.Богојавлјение |
| 3. | Светски ден за заштита на водите | 22.03. | Проаква и Еко друштво |
| 4. | Патронен празник на ОМУ Методи Патче | 07.04. | ОМУ Методи Патче |
| 5. | Патронен празник на ОУ Христо Узунов | 24.04. -с.Цер | ОУ Христо Узунов |
| 6. | Ден на Службата за безбедност | 07.05. - УВР Охрид | УВР Охрид |
| 7. | Ден на пожарникарите | 20.05 - УВР Охрид | ПП бригада |
| 8. | Основање на 1/ва МУБ | 08.06. - Локов | Сојуз на борци |
| 9. | Балкански фестивал | 08.-12.07. | Министерство за култура |
| 10. | Охридско Лето | 12.07.-26.08. | Министерство за култура |
| 11. | Охридски маратон | ? | ? |
| 12. | Едриличарска регата | 31.07.-02.08. | АМАК - СП |
| 13. | Недела на Св.Климент | 07.-14.08. | Локална самоуправа |
| 14. | Конференција на градовите со светско наследство | август или септември | Локална самоуправа |
| 15. | Вечери на Живко Чинго | 13.08. - с.Велгошти | МЗ Велгошти |
| 16. | Ден на граничарите | 15.08. - Св.Наум | АРМ |
| 17. | Ден на АРМ | 18.08. - Касарна | АРМ |
| 18. | Охрид Фест | 25.08. - Долни сарај | |
| 19. | Конференција на градовите со ѕидини | септември | Локална самоуправа |
| 20. | Ден на воведување турски наставен јазик | 15.11.1944 | Локална самоуправа и Здруж. на граѓани „Карабеј мала“ |
| 21. | Патронен празник на ДУТУ Ванчо Питошески | 18.11. - ДУТУ Ванчо Питошески | ДУТУ Ванчо Питошески |
| 22. | Патронен празник на ОУ Кочо Рацин | 21.12. - ОУ К.Рацин | ОУ Кочо Рацин |

Став на Комисијата е доколку во тековната година има некои јубилеи да се вметнат во делот за одбележување на манифестации.

Доколку настанат промени во одбележување на државни праници при донесување на Законот за државни празници, може да настанат и одредени промени во Програмата.

**Број 07-513/7-1**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ бр.07-1258/2 од 12.06.2006 год. И ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ бр.07-2532/6 од 30.11.2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за престанок на важноста на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-1258/2 од 12.06.2006 год. и Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-2532/6 од 30.11.2006 год.**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/8**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ бр.07-1258/2 од 12.06.2006 год. И ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ бр.07-2532/6 од 30.11.2006 год.**

**Член 1**

Престанува да важи Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-1258/2 од 12.06.2006 год. и Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти бр.07-2532/6 од 30.11.2006 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 07-513/8**
**20.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на општина Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година.

**Број 08-513/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**20.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАБРАНА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ЗАБРАНУВА** да се изведуваат градежни работи од типот височоградба, ниска градба, прекопувања на улици, тротоари, патеки и сл. на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа забрана важи за подрачјето на градот и тоа:
- просторот под улица „Булевар Туристичка“ до Езерото и тоа на потегот од „Билјанини Извори“ до реката Дaљан;
- просторот над улица „Булевар Туристичка“ во длабочина од 50м.;

Туристичките локалитети на потегот од:
- канал Студенчишта до Св.Наум

**Член 3**

Забраната за изведување на градежни работи ќе важи за временскиот период од 1 Јули до 31 Август.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-513/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**20.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**